ERASMUS+

Joint Mentorship

Better Cooperation for Better VET

# МОДУЛ 1: ВОВЕДЕН МОДУЛ ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА КАЈ РАБОТОДАВАЧ

Лекции:

1. Место на стручното образование во република Северна Македонија
2. Законска регулатива за практична обука кај работодавач
3. Форми на практична обука кај работодавач



Co-funded by the European Union

**МОДУЛ 1: Воведен модул за практична обука кај работодавач**

**Автор:**
Азра Тутиќ (Центар за стручно образование и обука, Скопје)
Ардијана Исахи Палоши (Центар за стручно образование и обука, Скопје)

**Уредник:**
Занаетчиска комора Скопје

**Графички дизајн и дигитална обработка:**
Мартина Холенко Длаб (Универзитет во Риека, Факултет за информатика и дигитални технологии)

**Место и година на издавање:**
Скопје, 2024.

**Контакт:**
info@zkomora.com.mk

**Лиценца:**
Овој документ е објавен под следнава лиценца:
Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International (CC BY-NC-SA 4.0)

Именувањето треба да се изврши на следниов начоин: Joint Mentorship Project: Better cooperation for Better VET, https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/2022-1-HR01-KA220-VET-000086943

**Изјава за откажување од одговорност:**
Оваа публикација ги одразува исклучиво ставовите на авторот, како таква не ги одразува ставовите на Европската унија.

# Содржина и резултати од учење од модулот

Практично образование е дел од средното стручно образование преку кој ученикот стекнува практични вештини. Во оваа смисла практичното образование во наставниот план е застапено преку следниве форми: вежби/практична настава интегрирани во наставната програма по стручно образование во техничкото образование, Учење преку работа кај работодавач и феријална практика.

Воведниот е-модул, е дел од воведниот модул во Наставниот план и Програма за стручно-дидактичка обука на обучувачи (ментори) од работодавачи кај кои се реализра практичната обука.

Модулот се реализира преку следнива 3 лекции:

1. Место на стручното образование во република Северна Македонија
2. Законска регулатива за практична обука кај работодавач
3. Форми на практична обука кај работодавач

На почетокот на секоја лекција дадена е кратка содржина, клучните поими кои ќе се обработуваат во рамките на лекцијата и резултатите од учењето кои се очекува дек ќе ги постигнете. Успешноста за совладување на овој модул, зависи од начинот на кој им пристапувате на предложените лекции, затоа, препорачуваме да одвоите време за целосно следење на сите предложени чекори, започнувајќи од формуларот за самоевалуација, следење на лекциите и реализација на активностите, при тоа отстранете ги сите нешта кои би можеле да ви го одземат вниманието.

По успешнато следење на овој модул (трите лекции) ќе бидете способни да:

- Разликувате форми на практична обука на учениците кај работодавачот, практична настава, вежби, учење преку работа кај работодавач, феријална практика
- Почитувате законски регулативи за практична обука кај работодавач
- Препознавате надлежности на институциите во стручното образование и обука.
- Ја препознавате улогата на Центарот за стручно образование и обука во образовниот систем на Република Северна Македонија
- Идентификувате место на стручното образование во образовниот систем на Република Северна Македонија

# ЛЕКЦИЈА 1.1. Место на стручното образование во Република Северна Македонија

**Резиме:** Системот на образование на Република Северна Македонија ги опфаќа:

- предучилишно воспитание и образование;
- основно образование;
- средно образование и
- високо образование.

Образованието се реализара на пет наставни јазици во основните училишта (македонски, албански, турски, српски и босански) и три наставни јазици во средното образование (македонски, албански и турски).

Средното образование е задолжително и бесплатно за сите ученици а се реализира преку наставни програми за:

- гимназиско образование;
- средно уметничко образование;
- средно образование за ученици со посебни образовни потреби и
- стручно образование.

**Клучни зборови:** Струно образование и обука, Видови на стручно образование, Нивоа на стручно образование, стручно оспособување, стручно образование за занимање, техничко образование, пострсредно образование, вертикална проодност, хоризонтална проодност Институции за стручно образование.

**Очекуван резултат од учење:** По совладување на оваа лекција се очекува де ќе бидете способни да го идентификувате место на стручното образование во образовниот систем на Република Северна Македонија.

# Видови и новоа на стручно образование

**Стручното образование и обука** е дел од системот на образование кое обезбедува индивидуален развој на личноста, стекнување компетенции - неопходни за вклучување на пазарот на труд и/или продолжување на образованието. Тоа подготвува ученици, идни активни граѓани кои ќе можат да го продолжат своето образование и оспособува кадри со стручни компетенции кои мораат да ги задоволат барањата на модерниот, конкурентен и флексибилен пазар на труд. Тоа се темели на принципи како што се инклузивност, квалитет, релевантност, вработливост, претприемништво и слично, затоа велиме дека стручното образование може да одговори на комплексните барања кои доаѓаат од сите засегнати чинители, односно од општеството, стопанството, родителите и учениците.

## Стручното образование и обука се реализира преку програми од **следниве видови и нивоа**:

- **Стручно оспособување**, трае една до две години, период во кој ученикот се оспособува со практични знаења и вештини. Во него се запишуваат ученици со завршено основно образование, но и лица со незавршено основно образование, за кои е неопходно паралелно да го завршат и основното образование. Завршувањето се заокружува со полагање испит со што учениците се стекнуваат со уверение за стручна оспособеност, односно II (второ) ниво на квалификации согласно Националната рамка на квалификации (НРК). Ова им овозможува на учениците да го продолжат своето образование во соодветен образовен профил/квалификација за стручно образование за занимања (тригодишно) доколку положат испити за проодност или да се вклучат на пазарот на труд.

- **Стручно образование за занимања** е во траење од три години и во него се запишуваат ученици со завршено основно образование, а можат да „преминат“ и ученици со завршено соодветно стручно оспособување. Завршувањето се заокружува со полагање завршен испит при што учениците се стекнуваат со диплома, односно III (трето) ниво на квалификации согласно НРК. По завршувањето ученикот има две можности, да се вклучи на пазарот на труд или да го продолжи образованието во четврта година на техничко образование, доколку положи дополнителни испити, а со најмалку три години соодветно работно искуство, да се вклучи во постсредно образование.

- **Техничкото образование**, трае четири години и ги подготвува учениците за пазарот на труд и/или за продолжување на образованието. Во техничкото образование се запишуваат ученици со завршено основно образование, а во него можат да „преминат“ и ученици со завршено соодветно стручно образование за занимања (тригоришно образование). Завршувањето се заокружува со полагање државна матура или завршен испит. Учениците кои овој вид образование го завршиле со полагање државна матура се стекнуваат со Диплома за државна матура што им дава можност да го продолжат образованието на сите високообразовни установи. Учениците кои образованието го завршиле со полагање завршен испит, се стекнуваат со Диплома за завршен испит со што можат активно да се вклучат на пазарот на труд. Покрај тоа, ученикот може да го продолжи своето образование во постсредно образование. Учениците кои завршиле техничко образование се стекнале со IV (четврто) ниво на квалификации согласно НРК.

- **Постсредното образование** е во траење од една до две години, неговата цел е на учениците/кандидатите да им обезбеди продлабочени знаења, вештини и оспособување за работа со покомплексна и посложена технологија, специјализирани висококвалитетни услуги, организација на работа, раководни функции на прво ниво, инструкторство, менторство и сл. Во него се запишуваат ученици/кандидати кои завршиле техничко образование, или пак завршиле стручно образование за занимања и имаат три години соодветно работно искуство. Кандидатите кои завршиле постсредно образование се стекнале со VБ (петто Б) ниво на квалификации согласно НРК.

Посебна можност на стручното образование претставуваат така наречените отворени патишта, односно **хоризонтаната и вертикалната проодност**. **Хоризонтална проодност** значи дека ученикот во текот на образованието може да помине од еден во друг вид на образование, од еден во друг образовен профил/квалификација дури и струка/сектор, секако, под одредени услови. **Вертикална проодност** значи дека по завршување на било кој образовен профил/квалификација од пониско ниво постои можност за продолжување на образованието во квалификации од повисоко ниво под одредени услови и во текот на образованието. Во рамките на овој модул разработени се прашања кои се однесуваат на видовите и нивоата на стручно образование и обука, каде за секое ниво се опишани можностите за вертикална проодност. На сликата е прикажана хоризонталната и вертикалната проодности на учениците кои завршиле средно образование.




Слика 1.1.1: Движење на ученици кои завршиле средно образование,

## Надлежни **институции за стручно образование и обука**

Јавна установа во која се усогласуваат и интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Републиката е Центарот за стручно образование и обука - ЦСОО. ЦСОО ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука (член 31 од Законот за стручно образование и обука).

ЦСОО врши стручни работи од областа на следењето, вреднувањето проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со Законот, актот за основање и Статутот. Помеѓу останатото ЦСОО врши и низа активности кои се директно врзани за парот на трудот, како што се:

- истражување на пазарот на трудот;
- изготвување, следење и развој на стандарди на занимања, стандарди на квалификации со наставен план, наставни програми;
- поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и во сите фази на планирањето, развојот и реализацијата на стручното образование.

Институции кои, согласно Законот за стручно образование, имаат надлежност на стручното образование и обука (графички приказ) имаат свои надлежности во стручното образование и обука. Во текстот кој следи ќе бидат опишани институциите со своите надлежности во СОО:




Графички приказ 1.1.1: Надлежни институции за СОО

1. Министерство за образование и наука, со своите надлежности:

- да предлага на Владата мрежа на установи за стручно образование и обука,
- да предлага на Владата кои општински средни училишта во кои се остваруваат наставни планови и програми за стручно образование и обука ќе продолжат со работа како регионални центри за стручно образование и обука,
- да дава мислење за престанокот со работа на установите за стручно образование и обука, на начин утврден со закон,

- да врши верификација на установите за стручно образование и обука, на начин утврден со закон,
- да врши акредитација на установи кои ќе организираат обука на наставниците,
- да донесува национални рамковни наставни планови и програми,
- во соработка со Стопанската комора на Република Северна Македонија, Сојузот на коморите на Република Северна Македонија и Комората на занаетчиите на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: коморите) да врши контрола кај работодавачите за исполнетоста на условите за реализација на практичната обука и за склучените договори меѓу установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, за реализација на практичната обука,
- **по предлог на Центарот за стручно образование и обука (во натамошниот текст: Центарот) донесува наставен план и програма за стручно-дидактичка обука на обучувачите од работодавачите кај кои се реализира практичната обука**,
- по предлог на Центарот, а по претходно обезбедено позитивно мислење од Бирото за развој на образованието, донесува концепции за сите видови на стручно образование и обука,
- по предлог на Центарот, а по претходно обезбедено позитивно мислење од Бирото за развој на образованието, донесува испитни програми за завршен испит и државна матура изготвени согласно со стандардите за спроведување на испитите на крајот на секој вид на стручно образование и обука,
- по предлог на Центарот донесува стандарди за постигнувањата на учениците по стручно образование и обука и
- по предлог на Центарот, а по претходно обезбедено позитивно мислење од Советот за стручно образование и обука, донесува стандарди за образовни профили и стандарди за струки.
- да врши други работи согласно со закон.

2. <u>Совет за стручно образование и обука</u>
   - дава мислење за стратегија за развој на стручното образование и обука,
   - му предлага на Министерството измени и дополнувања на Листата на стандарди на занимања за стручно образование и обука,
   - му предлага на Министерството национални квалификации и стандарди на занимања,
   - во соработка со општините до Министерството доставува предлог за развој на мрежата на установите за стручното образование и обука,
   - дава мислење за стандардите на занимање до Министерството,
   - дава мислење за стандардите за образовните профили и стандарди за струки до Министерството.

3. <u>Социјални партнери (единици на локална самоуправа, комори, синдикати)</u>
   <u>3.1 Советот на општината, односно на градот Скопје:</u>
   - врши анализа на потребите на пазарот на трудот на локално ниво и ги искажува согледувањата за потребите до Центарот и установите за стручно образование и обука,
   - доставува предлози до Министерството и до Центарот за потребите за развој на наставните планови и програми и
   - доставува предлози за уписната политика во стручното образование и обука до Министерството.

3.2 Коморите ги вршат следниве работи:
- доставуваат предлози до Центарот за донесување на нови и иновирање на постоечките наставни планови и програми,
- доставуваат предлози до Центарот за изготвување на нови стандарди на занимања,
- учествуваат во комисиите за завршните испити во стручното образование и обука,
- водат Регистар на склучени договори меѓу установите за стручно образование и обука и работодавачите за практичната обука на учениците и
- до Министерството доставуваат годишен извештај за верифицираните работодавачи за изведување на практичната обука.

3.3 Мнозинскиот синдикат доставува предлози за подобрување на условите за практичната обука на учениците кај работодавачите.

4. Министерство за труд и социјална политика, има надлежност:
- да учествува во спроведувањето на државната политика во областа на стручното образование и обука, согласно со овој закон,
- да ги согледува потребите од кадар од стручно образование и обука преку анализа на пазарот на трудот и да доставува мислење за уписната политика до Советот,
- да учествува во подготвувањето и усогласувањето на стручните квалификации по стандарди,
- во соработка со Центарот да иницира потреби од изготвување на нови стручни квалификации по стандарди,
- по предлог на Министерството, а по претходно позитивно мислење на Советот, донесува стандарди на занимања изготвени од Центарот,
- да учествува во организирањето на професионалното ориентирање на учениците и
- да врши надзор над прописите за условите за заштита при реализација на практичната обука,
- ја утврдува Листата на стандарди на занимања за стручно образование и обука и ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија.

Од друга страна, установи за стручно образование и обука нудат услуги за реализација на стручното образование и обуката и тука се вбројуваат:

- училиштата за стручно образование и обука кои реализираат општо и стручно-теоретско образование и практична обука,
- регионалните центри за стручно образование и обука, во кои се реализира општо и стручно-теоретско образование и практична обука и
- центрите за стручна обука во кои се реализира стручно- теоретско образование и практична обука.




Слика 1.1.2: Установи за СОО

## *Активности:*

Откако го проучи материјалот изложен во оваа лекција, обиди се дадеш одговор на следниве прашања:

1. Прочитај ги шематските прикази прикажани во овој модул, врз основа на сликата определи кои се патиштаат на движење на учениците кои завршиле:

    - Двегодишно - стручно образование – стручно оспособување
    - Тригодишно - стручно образование за занимање
    - Четиригодишно - техничко образование
    - Постсредно образование

2. Од текстот определи под кои услови учесниците во стручно образование и обука можат да го остварат правото за вертикална и хоризонтална проодност.
3. Колку видови со нивоа на стручно образование и обука постојат?
4. Објасни за хоризонтална и вертикална проодност на учениците во стручното образование?
5. Кои се надлежностите на Центарот за стручно образование и обука?
6. Дали ученикот кој завршил своето образование на 3-то ниво може директно да продолжи во високо образована институција?

| **ПРИМЕР ОД ПРАКСА** |
| --- |
| На шемата подолу е прикажана функционалната поврзаност по видови и нивоа на образование согласно Македонската рамка на квалификации (МРК), на неа се прикажани и од неа можат да се прочитаат квалификациите на сите нивоа според МРК, како и појаснувања во однос на патиштата на движење на една личност во текот на образованието од предучилишно образование до докторски студии. |




Слика 1.1.3: Функционална поврзаност на видовите и нивоата на образование, согласно МРК

# ЛЕКЦИЈА 1.2. Законска регулатива за практична обука кај работодавач

**Резиме:** Реализацијата на практичната обука кај работодавач е регулирана со законски и подзаконски акти. Законот за стручно образование и обука ја уредува практичната обука кај работодавач, а врз основа на Законот за стручно образоавние и обука изработени се упатства за реализација на практично образование, односно Упатство за феријална практика и Упатство за учење преку работа кај работодавачот. Упатствата се поставени на интернет страната на Центарот за стручно образование и обука на мекедонски и на албански јазик (Udhëzim për praktike feriale, Udhëzim për mësim përmes punës ) а до нив може да се пристапи преку врска (link) од овој текст.

**Клучни зборови:** Закон за стручно образование и обука, работодавач, Услови за реализација на практичното образование кај работодавач, Стандард за опрема и просторни услови, Стандард за стручен и друг кадар, Ментор во компанија, Регистар на работодавачи, Права и обврски на работодавачот вклучен во процесот на практична обука.

**Очекуван резултат од учење:** По совладување на оваа лекција се очекува де ќе бидете способни да ја применувате законската регулатива за практична обука кај работодавач.

# Законска заснованост на практичната обука на учениците кај работодавачите

Реализацијата на практичната обука кај работодавач е заснована во **Законот за стручно образование и обука** („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19)

Согласно одредбите од овој закон, **работодавачи** се трговско друштво, установа или занаетчија кај кои се изведува практична обука според тековните услови на нивната активност, при што оваа обука не претставува нивна претежна дејност.

Согласно член 13 од споменатиот закон:

Работодавачите можат да вршат практична обука за ученици, доколку **ги исполнуваат условите во однос на просторот, опремата и соодветен кадар**.

а) **Стандардите за опремата и просторните услови** од ставот 1 на овој член ги изготвува Центарот, а ги донесуваат коморите за својата област, каде е дефиниран условот за постоење **барем еден метор во компанијата** за таа да се верификува како установа за практична обука.

бв) **Стандардот за стручен и друг кадар** за спроведување на практична обука кај работодавачите го изготвува Центарот, а го донесуваат коморите по претходно позитивно мислење на Министерството.

Верификација на исполнетоста на претходно наведените условите (под а) и б)) вршат коморите. За сите верификувани комапнии, коморите водат Регистар – **Регистар** за верификација на **работодавачите** за практична обука. Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за верификација на работодавачите за практична обука ги пропишува министерот за образование и наука.

Во Глава 3, во Законот за СОО, содржани се одредби за организирање на стручно образование и обука, каде се опишани (член 15) правата и обврските на работодавачите вклучени во практичната обука. Согласно овој член,

а) **Работодавачот има право**:
- да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања пропишани со закон и
- да предлага измени и дополнувања на постоечките или да предлага нови наставни планови и програми.

б) **Работодавачот има обврска**:
- да ги постигнува резултатите за практична обука од учење од наставната програма согласно предвидениот фонд на часови,

- да склучи договор со установата за стручно образование и обука и со ученикот за реализација на практичната обука,
- да обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со условите пропишани со договорот и
- да обезбеди заштита при работа согласно со закон.

Кога станува збор за постигнување на резултатите од учење, важно е да се напомене дека тие се дефинирани со наставната програма, во однос на реализацијата на практичното образование, работодавачот кој ќе се вклучи во процесот на стручно образование и обука има обврска да овозможи услови за постигнување на оние резултати кои се дефинирани со наставната програма по практична настава во стручно оспособување – двегодишно стручно образование и обука и стручно образование за занимање – тригодишно стручно образование и обука и учење преку работа кај работодавачот во четиригодишното техничко образование.

Договорот за практична обука, формата, содржината и условите се дефинирани во член 16 од овој закон. Како посебен резултат од учење во програмата за обука на ментори е дефинирана потребата да се Анализира договорот за практично образование, кој ќе се реализира во деновите со физичко присуство, во рамките на тој резултат ќе се обрне особено внимание на сите детали и специфики врзани за договор за практична обука.

Надоместокот за ученичка работа, работодавачот е обврзан да го обезбеди само кога тоа е определено со Законот за стручно образование и обука. Работодавачот, училиштето и ученикот/родителот старателот, имаат обврска да го утврдат **податокот** за надоместок во Договорот, и тој претставува задолжителен елемент во договорот, како и начинот на кој работодавачот ќе ја нагаради ученичката работа.

Заштита при работа работодавачот обезбедува и за учениците на ист начин како што тоа го прави за своите вработени.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ**

1. *Наведете закони и други акти што ја регулираат практичната обука кај работодавач!*
2. *Анализирајте ја примена на законски и подзаконски регулативи за практичната обука кај работодавач!*

## *Активности:*

Откако го проучи материјалот изложен во оваа лекција, одговори на следниве неколку прашања:

1. Со кој Закон се регулира практичната обука на ученици кај работодавач?
2. Која е улогата на договорот за практична обука?
3. Кои услови е потребно да ги исполни работодавачот за да прими ученици во процесот на практичното образование?
4. Наведи ги правата и обврските на работодавачот, кои произлегуваат од законската регулатива!
5. Во кој случај установата за практично образование (работодавачот) е должна да обезбеди надоместок за ученичката работа?
6. Согласно „Стандард за простор и опрема“ поставен на врската подолу во „пример од пракса“, определи ги условите кои компанијата/организацијата/институцијата треба да ги исполни за да биде верификувана како установа за практично образование!

**ПРИМЕР ОД ПРАКСА**

Компанија/институција/организација која има намера да се вклучи во процесот на практично образование во улога установа за практично образование неопходно е да го помине процесот на верификација на установата, кој го спроведува соодветната комора. Стандардите и условите кои треба да ги исполни установата при верификацијата се дефинирани во Стандард за простор и опрема изработен од Центарот за стручно образование и обука а се состојат од:

1. СТАНДАРД ЗА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И ОПРЕМАТА – се утврдува преку верификација.
2. СТАНДАРД ЗА СТРУЧЕН И ДРУГ КАДАР – обучен барем еден ментор.

# ЛЕКЦИЈА 1.3. Форми на практична обука кај работодавач

**Резиме:** Практична обука кај работодавач е облик на учење преку кој ученикот стекнува практични вештини. Ученикот, практичната настава може да ја реализира преку повеќе форми/облици, зависно од нивото и видот на стручното образование во кое е запишан.

**Клучни зборови:** Практична обука, Феријална практика, Практична настава, Практична настава и/или вежби интегрирани во наставниот предмет, Учење преку работа кај работодавач, Наставен план за паралелка со зголемен број часови практично образование.

**Очекуван резултат од учење:** По совладување на оваа лекција се очекува де ќе бидете способни да ги разликува формите на практична обука на учениците кај работодавачот, практична настава, вежби, учење преку работа кај работодавач, феријална практика.

# Форми/Облици на практичната обука на учениците кај работодавачот

Во однос на вкупниот годишен фонд на часови, во струките и образовните профили, практичната обука е застапена преку еден или повеќе облици/форми:

- практична настава,
- практична настава и/или вежби интегрирани во наставниот предмет,
- учење преку работа кај работодавач и
- феријална практика.

Облиците на практичната обука, како и застапеноста се програмирани во наставните планови за секој образовен профил.

**Практичната настава (ПН)** претставува организирана училишна форма која им овозможува на учениците да стекнат знаења, вештини и навики кои се потребни за вршење на работата во рамки на квалификацијата и оспособување за брзо вклучување во процесите на конкретна технологија на работа. Практичната настава им овозможува на учениците покрај стручните вештини да стекнат и вештини, како што се: тимска работа, комуникативност, организациски способности, професионален пристап, и сл. Со реализацијата на практичната настава учениците стекнуваат подобра слика за квалификацијата за која се образуваат и за работата која ќе можат да ја извршуваат.

Практичната настава се реализира како:

- практична настава во училишни објекти (работилници, лаборатории, економии, училишни компании и сл.);
- практична настава во реални работни процеси односно во установа за практично образование.

Практичната настава е програмирана со посебни наставни прог¬ра¬ми¬ за секој образовен профил и за секоја наставна година во стручното оспособување (двегодишно) и стручно образование за занимање (тригодишно). Планирањето и ор¬га¬ни¬зирањето на практичната настава треба да биде во согласност со наставна прог¬рама, одобрена од министерот за образование и наука. Бројот на ча¬со¬ви, на годишно и неделно ниво, потребен за реализација на наставниот предмет практична настава се дефинирани со наставниот план а содржината е разработени во наставните програми кои се модуларно дизајнирани преку модуларни единици, резултати од учење, содржини, активности и методи и критериуми за оценување. Наставната програма може да се реализира во училишни кабинети, ра¬бо¬тил¬ници, лаборатории, училишната економија, училишната реална компанија, претпријатијата, кај социјалните партнери и во партнер-училиштата од земјата, согласно концепцијата за стручно образование за занимања и стручно оспособување 30% од вкупниот број часови (за сите години на образование) се реализираат во установа за практично образование.

При реализација на програмата во установа за практично образование, потребно е да се исполнат кадровските и материјални услови пропишани со Стандард за простор и опрема изработен од Центарот за стручно образование и обука, при реализација на програмата во училиште условите за реализација се содржани во самата наставна програма, и тоа во однос на бројот на учениците (таа може да се реализира со целата паралелка или во групи), кадровските и материјалните услови.

**Практична настава и/или вежби интегрирани во наставниот предмет**, е облик на практично образование во реформираното техничко образование (четиригодишно). Вкупниот број на наставни часови за практична настава и/или вежби за сите квалификации на годишно ниво е утврден во рамковен наставен план, овој вкупен број часови е приближно еднаков за сите квалификации во четиригодишното образование. Преку овој облик на практично образование овозможено е ученикот во рамките на нставниот предмет да ги стекне и теоретските знаења и практичните вештини врзани за еден резултат од учење. Овие часови по правило се реализираат во училишни објекти (работилници, лаборатории, економии, училишни компании и сл.), но постојат примери кога и дел од овие часови се реализираат во установа за практично образование, особено доколку училиштето не поседува соодветна инфраструктура за нејзина реализација.

**Феријалната практика (ФП)** е облик на практично образование кој по правило се реализира во установа за практично образование по завршувањето на наставната година. Во наставниот план за квалификацијата, годишниот фонд за феријалната практика е изразен во работни денови и изнесува од 5 до 20 дена (зависно од квалификацијата), може да биде одреден во конечен или минимален број денови. Доколку е одреден во минимален број денови, може да се реализира и во број поголем од дефинираниот во наставен план, доколку постои согласност од страна на трите договорни страни (компанија, училиште/наставник и ученик/родител, старател). Ученикот во еден работен ден, по правило, треба да реализира 7 наставни часа. Училиштето е должно на секој ученик да му обезбеди место за изведување на феријалната практика, водејќи притоа сметка за неговата безбедност. Ученикот или неговиот родител/старател можат да предложат место за изведување на феријалната практика, но одговорниот наставник за феријална практика мора да даде согласнот за тоа. Феријалната практика може да се реализира во училишната економија, училишната реална компанија, претпријатијата, фармите и во партнер-училиштата од земјата. Феријалната практика може да се реализира и надвор од земјата, со претходна согласност од родителите и од Министерството за образование и наука. Ученик кој живее надвор од општината во која се наоѓа училиштето, може да ја изведува феријалната практика во својата општина доколку има услови за тоа и по претходно добиена согласност од наставникот кој е задолжен за изведување на феријалната практика. Учениците кои го стекнуваат своето образование по вонреден пат - вонредни ученици ако се во работен однос, феријалната практика можат да ја изведуваат во компанијата каде се вработени, доколку условите одговараат за стекнување знаења и вештини за образовниот профил за кој се образува ученикот, а со претходна согласност од наставникот. Во спротивно, ученикот и наставникот се договараат за времето и местото за изведување на феријалната практика.

Во текот на третото тримесечие, директорот на училиштето ги задолжува наставниците кои ќе бидат одговорни за планирање и изведување на феријалната практика (бројот на одржаните работни денови за феријална практика не влегува во фондот на часовите на наставникот). Задолжените наставници имаат обврска, во соработка со менторот од компанијата да изготвуват програма за реализација согласно која ќе се реализира феријалната практика.

Феријалната практика е задолжителна за секој ученик (редовен и вонреден), по реализацијата на предвидениот број денови ученикот од установата за практично образование каде ја реализирал феријалната практика добива потврда за реализирана феријална практика, која претставува услов за запишување на наредната учебна година.

**Учење преку работа кај работодавач (УПР)** претставува учење кое задолжитено  се реализира во реални услови на вистинско работно место. Учењето преку работа не смее да се поистоветува со практичната настава со симулација на работа или со други форми на обука надвор од работно место, коишто вообичаено се обезбедуваат во стручните училишта, во нивните работилници и кабинети, меѓутоа, учењето преку работа може да се одвива и во реална компанија која што работи во рамките на стручното училиште.

Учењето преку работа во наставниот план за реформираното техничко образование – модуларно дизајнирано, е застапено во III и IV година, додека во наставниот план за паралелка со зголемен број часови по практично образование – дуален пристап, е застапено во II, III и IV година.

Бројот на часови со кои е застапено УПР во двата наставни плана е прикажан на сликата 1.3.1.

**ДЕЛ ОД НАСТАВЕН ПЛАН од модуларно дизајнирано ТО– Практично образование**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| III.ПО | ПРАКТИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | | |
| | Учење преку работа кај работодавач | | | | | 4 | 144/7 | 6 | 198/12 | 10/342/19 |
| | Феријална практика | 5 дена | | 10 дена | | 10 дена | | | | |
| Вкупно практично образование (ПО) | | | | | | 4 | 144/7 | 6 | 198/12 | 10/342/19 |
| Вкупно СО (ЗСМ + ПН + В + ИМ) +ПО | | 10 | 360/21 | 16 | 576/32 | 21 | 756/42 | 21 | 693/39 | 68/2385/134 |
| Вкупно часови неделно/годишно/кредити (ОО+СО+ПО) | | 30/1080/60 | | 30/1080/60 | | 30/1080/60 | | 30/990/56 | | 120/4230/236 |

**ДЕЛ ОД НАСТАВЕН ПЛАН дуален пристап ТО – Практично образование**
#_ftnref1 Ctrl+Click to follow link

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| III.ПО | ПРАКТИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | | |
| | Учење преку работа кај работодавач | | | 4 | 144/3 | 8 | 288/7 | 10 | 330/12 | 22/762/22 |
| | Феријална практика | Минимум 10 дена | | Минимум 15 дена | | Минимум 20 дена | | | | |
| Вкупно практично образование (ПО) | | | | 4 | 144/3 | 8 | 288/7 | 10 | 330/12 | 22/762/22 |
| Вкупно СО (ЗСМ + ПН + В + ИМ) +ПО | | 10 | 360/21 | 20 | 720/32 | 25 | 900/42 | 25 | 825/39 | 80/2805/134 |
| Вкупно часови неделно/годишно/кредити (ОО+СО+ПО) | | 30/1080/60 | | 34/1224/60 | | 34/1224/60 | | 34/1122/56 | | 120/4650/236 |

Слика 1.3.1 Извадок од наставен план

УПР во паралелки кои реализираат „модуларно дизајниран" наставен план, се реализра согласно програма предложена од страна на Центарот за стручно образование и обука а донесена од страна на министерот за образование и наука, во паралелки со зголемен број часови практично образование се реализираат согласно Програма и план за УПР за паралелка со зголемен број часови практично образование кои се изработуваат во соработка на компаниите и училиштата а согласно Насоките за планирање и програмирање на УПР за паралелка со зголемен број часови практично образование.

**ПОТСЕТИ СЕ!**

1. Формите на практично образование, согласно нивото и видот на образование се прикажани на сликите подолу:







Согласно сликите определи кои форми на практично образование постојат во наставниот планза 2, 3 и 4 годишно образование.

2. На линкот е поставен наставен план за техничко образование, „модуларно дизајнирано" и „дуален пристап", определи го бројот на денови/часови за секоја форма на практично образование застапени во наставниот план.
3. На линкот е поставен наставен план за стручно образование за занимање, определи го бројот на денови/часови за секоја форма на практично образование застапени во наставниот план.

## *Активности:*

Откако го проучи материјалот изложен во оваа лекција, обиди се дадеш одговор на следниве прашања:

1. Каков облик на практично образование претставува практична настава?
2. Како практична настава е имплементирана во наставниот план за техничко образование?
3. Од што зависи кои облици/форми на практично образование ќе бидат застапени во наставниот план?
4. Каде и кога по правило се реализра феријалната практика?
5. Колку во наставниот план за техничко образование (модуларно и дуално) е застапено учењето преку работа кај работодавач?
6. Дали ученикот кој живее надвор од местот на училиштето може да ја реализира феријалната практика во местот на неговото живеење?
7. Кој ја има обврската да го смести ученикот кај работодавач за рњлизација на феријална практика?
8. Кој има обврска да изгови програма за феријална практика?
9. Која е улогата на вежбите и/или практичната настава во техничкото образование?
10. Кој ја изработува програмата за УПР за паралелка со зголемен број часови практично образование (дуален пристап)?
11. Кој ја изработува програмата согласно која се реализира УПр за „модуларно дизајнирано“ техничко образование?
12. Дали практичните вештини кои ученикот ги стекал во странство можат да се признаат како реализирана феријална практика?

**ПРИМЕР ОД ПРАКСА**

Наставата во стручното образование и обука се реализира согласно наставен план за стручно образование и обука, каде јасно е определен неделниот и годишниот фонд на часови за секој наставен предмет, вклучително и практична настава и учење преку работа, како бројот на денови во кои че се реализира феријалната практика.

Наставните планови за сите образовни профили/квалификации се поставени на интернет страницата на Центарот за стручно образование и обука а во рамките на содржината на лекцијата дадени се неколку врски до наставни планови кои се реализираат во стручното образование.



ERASMUS+
Joint Mentorship
Better Cooperation for Better VET

Co-funded by the European Union

www.hok.hr